Број: 11 - 805/3
Датум: 02.02.2026
Скопје

Врз основа на член 50, член 22, став 1, точка 6 од законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на спортот за 2026 година, глава II Проектни активности, точка 9. Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош (,,Службен гласник на Општина Карпош " бр. 23/2025), а во врска со Одлуката за објавување на Оглас за Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош, бр. 11 - 805/2 од 30.02.2026 година, Комисијата за Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош објавува

# Јавен оглас
за Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош

## I. Право на пријавување

Имаат сите заинтересирани физички и правни лица (за правни лица со вршење дејност спорт) од подрачјето на Општина Карпош, кои ќе поднесат спортско рекреативни и здртавствени проекти, а кои со својата актуелност, атрактивност, традиција, значење и квалитет, придонесуваат за промоција на општината.

## II. Критериуми за доделување на финансиска подршка

**Општи критериуми:**
- квалитет и значење на проектот,
- популаризација,
- промоција,
- масовност,
- едукација на младите за спорт и здравје

**Посебни критериуми:**
- Манифестацијата да е од посебен интерес за Општина Карпош
- целта на манифестацијата да биде развој на спортско воспитно образовната едукација и здравје,
- проектите да допринесуваат за равој кај младите за бавење со спорт за сите,
- Да се наведе бројот на досегашните одржани проекти, каде се организирани и реализирани,
- Временска рамка на проектот,
- Проектите да бидат наменети за двата пола (женско - машко),
- Предност може да биде, проекти кои до сега се реализирани во Општина Карпош или истите биле финансирани од општината и навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош,

- проектите да обезбедуваат и потикнување на спортски манифестации за лица со посебни потреби и
- проектите да бидат реализирани на територија на Општина Карпош.

III. **Потребни документи**

**Физички лица:**
- адреса на живеење во Општина Карпош и
- изработен проект

**Правни лица:**
- Седиштето на правниот субјект да е регистрирано во Општина Карпош најмалце 3 (три ) години
-тековна состојба од централен регистар не постара од 6 (шест) месеци,
- изработен проект.

IV. **Висина на финансиската поддршка**

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош, висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

V. **Начин на пријавување**

Документите да се достават до архивата на Општина Карпош (во затворен плик), со ознака НЕ ОТВАРАЈ, и со назнака Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош.

**VI. Рок за поднесување на документите**

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 13.02.2026 година

Условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиската поддршка ќе се уреди со претходно изготвен правилник за оваа намена.

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**Комисијата за**
**Финансиска поддршка за спортско рекреативни и**
**здравствени проекти за физички и правни лица**
**од Општина Карпош**